Канал 5 телевизија

## БАРАЊЕ ДО ЦРВЕНКОВСКИ ДА ПОКАЖЕ ВОЗДРЖАНОСТ ВО СТАВОТ ЗА КОСОВО



По декларацијата за спротивставување на независноста на Косово која ја поднесе во парламентот, пратеникот Иван Стоиљковиќ денеска достави писмо до претседателот Црвенковски со кое бара шефот на државата да покаже воздржаност во ставот за Косово. Вели дека како што Демократската партија на Србите му ја дала поддршката за да стане претседател, сега и Црвенковски треба да ја оправда довербата кон нив. - Јас сум еден од пратениците кои се потпишаа зад кандидатурата на претседателот Бранко Црвенковски и нашата партија активно на изборите во 2004 година учествуваше и даде максимален придонес во неговиот избор за шеф на државата. Кога бирате кому ќе се обратите, ќе го сторите тоа барем со оние со кои сте соработувале, кон кои имате обврска и кои имаат кон вас. Во тој аспект, бараме претседателот да покаже максимална воздржаност по ова прашање - изјави Стоиљковиќ.

20.02.2008, 20:03